„Меѓу другото, мора да се работи на јакнење на свеста на граѓаните во заедницата, и тоа да биде системски и планирано, прво да се направи нешто, па да се чува", вели Ајсер Мемедова, млада активистка од Кочани и учесничка на јавната трибина на која се зборуваше за квалитетот на услугите кои ги добива ромската заедница во овој град.



На трибината која се одржа на 17 јануари 2023 година во просториите на Општина Кочани, беа презентирани резултатите од анкетата направена меѓу ромското население. Половина од анкетираните граѓани (52%) велат дека во нивното маало нема задоволителни услови за живеење, при што мнозинство од испитаниците (60%) велат дека тие и нивните деца чувствуваат и здравствени последици од загадувањето на околината. Граѓаните се самокритични и се препознаваат меѓу виновниците за загадувањето на животната средина. На листата тие се на второ место, веднаш зад Јавното комунално претпријатие „Водовод" за кое голем дел од анкетираните сметаат дека нередовно го чисти сметот. И покрај оваа свесност, загрижуваат одговорите на

прашањето „Дали вие го фрлате вашиот домашен отпад или градежен шут на јавните меса и ја загадувате животната средина?“. Ист број граѓани одговориле со „да“ и со „не“ (21%), вкупно 35% тоа го прават понекогаш, додека 23% рекле дека тоа го права само кога мораат.

Вкупно 34 учесници, меѓу кои заинтересирани граѓани, претставници на граѓански организации но и  директорот на комуналното претпријатие „Водовод“ од Кочани, раководители од различни сектори поврзани со комунална хигиена, службеници од Општина Кочани кои работата на заштитата на животната средина, општинските инспектори за комунални работи и тимот на општински комунални редари, дискутираа за овие резултати и за препораките од извештајот. Дискусијата треба да биде потсетување за локалните власти за исполнување на предизборните ветувања кон граѓаните, а извештајот да овозможи подобро планирање на активностите за заштита на животната средина.



„Овие активности се добри бидејќи ни овозможуваат јавно да зборуваме за нашите проблеми во заедницата.Животната средина е сериозно загрозена, условите за живот се лоши, а институциите недоволно посветуваат внимание за решавање на ситуацијата“, вели Џесијан Зурапов, граѓанин на Кочани, и додава дека ја искористил можноста да ги праша претставниците од комуналното претпријатие и од Општината кога ќе преземат активности за подобрување на состојбата.

Учесниците се согласија дека оваа е сериозен и добар почеток за соработка и идентификување на проблемите во заедницата.

Анкетата е спроведена во периодот од 15 до 20 декември 2022 година и опфати 200 жители на Кочани, од ромската заедница. Анкетата и трибината се дел од проектот „Иницијатива за подобри услови и подобра животна средина во ромската заедница во Општина Кочани" што го спроведува Центарот за развој на заедницата „ Светла Иднина “ од Кочани.

Сите активностите се овозможени со проектот „ Поддршка на изборните реформи во Северна Македонија “ на Владата на Швајцарија кој го спроведува Меѓународната фондација за изборни системи ( ИФЕС ), а грантовите ги администрира Македонскиот центар за меѓународна соработка (МЦМС).